# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3360.**

Врз основа на член 126 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА, СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА, ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА И ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето и потребната документација за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување.

Член 2

(1) Барањето за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување се поднесува на образец П-1, кој се печати на хартија со бела боја во А-4 формат.

(2) Барањето од став (1) на овој член е дадено во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот П-1 од став (1) на овој член ги содржи следните податоци: назив за субјектот до кој се поднесува барањето, број и датум на барањето, наслов на барањето, општи податоци за подносителот на барањето и видот на правото, за старосна пензија: податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, остварено право на пензија во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, за семејна пензија: податоци за починатиот осигуреник, односно корисник на пензија, податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување за починатиот осигуреник односно корисник на пензија, податоци за остварено право на пензија во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, податоци за членовите на семејството на починатиот осигуреник или корисник на пензија за кои се бара признавање право на семејна пензија, остварено право на пензија на член на семејството во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, за инвалидска пензија: податоци за време поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, податоци за остварено право од пензиско и инвалидско осигурување или рента кај странски носители на осигурување, држава во која е остварено правото, видот на оствареното право и податоци дали барањето е во постапка за задолжителен контролен преглед, за паричен надоместок за телесно оштетување: податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, остварено право на пензија во друга држава, вид на оствареното право и држава во која е остварено правото, лични изјаснувања за членство во здружение на пензионери и солидарен фонд и користење право од пензиско и инвалидско осигурување, согласност на подносителот на барањето за користење на личните податоци во постапка на остварување на правото, датум на поднесување на барањето, место за потпис на подносителот на барањето, податоци кои се прибавуваат по службена должност и прилози кои се доставуваат заедно со барањето.

Член 3

(1) За остварување право на старосна пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, отслужил воен рок или бил вработен во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или во казнено - поправни и воспитно - поправни установи, кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува и следната документација:

- доказ за социјално осигурување во другата држава,
- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок и
- решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар) од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот) по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и
- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 4

(1) За остварување право на семејна пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува следната документација:

- потврда за статус на ученик, односно студент издадена од соодветна образовна институција,

- доказ за социјално осигурување во другата држава, доколку починатиот осигуреник односно корисник на пензија работел во друга држава и

- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок за починатиот осигуреник, доколку отслужил воен рок.

(2) Доколку барањето за остварување право на семејна пензија се поднесува по основ на неспособност за самостоен живот и работа, покрај документацијата од став (1) на овој член се доставува и:

- предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот (Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3) којшто го пополнува матичниот лекар и

- оригинална медицинска документација потребна за дијагностицирање на болеста.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување,

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци и

- извод од матична книга на родените, извод од матична книга на умрените и извод од матична книга на венчаните.

Член 5

(1) За остварување право на инвалидска пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува следната документација:

- предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот (Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3) којшто го пополнува матичниот лекар,

- општи податоци и описи на работите на работното место на работникот и

- оригинална медицинска документација потребна за дијагностицирање на болеста.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, отслужил воен рок или бил вработен во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи, кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува и следната документација:

- доказ за социјално осигурување во другата држава,

- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок и

- решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар) од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 6

(1) За остварување право на паричен надоместок за телесно оштетување, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува медицинска документација која укажува на постоењето на телесно оштетување.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, се доставува и доказ за социјално осигурување во другата држава.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.08/3-3102/2<br>25 јули 2016 година<br>Скопје | Бр. 09-5257/1<br>21 јули 2016 година<br>Скопје |
| Министер за информатичко општество и администрација,<br>**Марта Арсовска Томовска**, с.р. | Министер за труд и социјална политика,<br>**Диме Спасов**, с.р. |

Прилог

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

- Стручна служба –
- Филијала/Деловница –
________________
_______20___ год.

**Образец П-1**

**Б А Р А Њ Е**
**за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

________________________________ ________________________
Име, презиме (моминско презиме) ЕМБГ

____________________ ________________ ____________________
Ден,месец и година на раѓање Место на раѓање Државјанство

Адреса ____________________ __________ ________ __________
Улица број место општина

Број на телефон ____________________________ Е-маил адреса____________________

**Вид на правото ( се заокружува редниот број на правото) :**
**1. СТАРОСНА ПЕНЗИЈА**
**2. СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА**
**3. ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА**
**4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ**

## 1.СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Времетраење држава докази

од ______________ до ______________ ______________ ______________

од ______________ до ______________ ______________ ______________

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право ________________________

Држава во која е остварено правото ______________.

## 2.СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК/КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА -

________________________ ________________________
Име и презиме ЕМБГ

Датум на смрт ______________ Корисник на пензија со пензиски број ______________

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК/КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА

Времетраење држава докази

од ______________ до ______________ ______________ ______________

од ______________ до ______________ ______________ ______________

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право ______________________________ Држава во која е остварено правото

_______________

ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК ИЛИ КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА ЗА КОИ СЕ БАРА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

| Презиме и име | Дата на раѓање | Матичен број | Сродство | Адреса |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Остварено право на пензија на член на семејството во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право________________________

Држава во која е остварено правото_____________________________

**3.ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА**

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

| Времетраење | држава | докази |
|---|---|---|
| од ______________ до ________________ | | |
| од ______________ до ________________ | | |

Остварено право од ПИО или рента кај странски носители на осигурување ДА НЕ

Држава во која е остварено правото _______________.

Видот на оствареното право __________________________

Дали барањето е во постапка за задолжителен контролен преглед ДА НЕ

**4.ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ**

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

| Времетраење | држава | докази |
|---|---|---|
| од ___________________ до ___________________ | | |
| од ___________________ до ___________________ | | |

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право ______________________________

Држава во која е остварено правото ________________.

**ЛИЧНИ ИЗЈАСНУВАЊА**

- Членство во здружение на пензионери и солидарен фонд ДА НЕ
- Подносителот на барањето користи право од пензиско и инвалидско осигурување ДА НЕ

*Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за размена и прибирање на податоци за водење на управна постапка ДА НЕ

Датум на поднесување на барањето _______20___ год.

Потпис на подносителот на барањето ________________________________

I ПОДАТОЦИ КОИ ГИ ПРИБАВУВА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ:

- податоци за стаж на осигурување и плати кои ги води во матичната евиденција за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување
- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци
- извод од матична книга на родените, извод од матичната книга на умрените и извод од матичната книга на венчаните.

II ПРИЛОЗИ ДОСТАВЕНИ КОН БАРАЊЕТО КОИШТО ГИ ДОСТАВУВА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО (се заокружува редниот број)

1. Доказ за социјално осигурување во друга држава

2. Уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок

3. Решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар), за осигуреници кои работеле во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и казнено - поправни и воспитно - поправни установи

4. Потврда за статус на ученик, односно студент

5. Предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот ( Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3)

6. Медицинска документација

7. Општи податоци и описи на работите на работното место на работникот

8. Други докази:------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------

потпис на подносителот на барањето

__________________________________